РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„КОЧО РАЦИН" с.о.
Примено: 23.03.2026
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
01 200/2

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште СОУ „Кочо Рацин" за учебните 2023/2024 и 2024/2025 година.

- Врз основа на Законот за средното образование, средното училиште СОУ „Кочо Рацин" спроведе самоевалуација на работата и постигнувањата за учебните 2023/2024 и 2024/2025 година.
- За таа цел, директорот на средното училиште формираше Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште (во натамошниот текст: Комисијата), во следниот состав:

  1. Игор Николов
  2. Наташа Бошкова;
  3. Ангела Маркова;
  4. Јасмина Тодосовска.
  5. Марија Манасова

- Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2025/2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот.
- Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 1.04.2026 година, Претседателот на комисијата ги образложи резултатите од работата на Комисијата, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1: Наставни планови и програми;
Опис/резиме на подрачјето: Училиштето ги реализира наставните планови и програми за гимназиското и стручното образование. Наставниците изработуваат годишни, тематски и дневни планирања, ја ажурираат педагошката евиденција и применуваат ИКТ. Во стручното образование се реализира учење преку работа кај работодавач и феријална пракса врз основа на склучени договори и меморандуми. Од учебната 2025/2026 година се применуваат новите програми за прва година гимназиско образование. Обезбедена е поддршка и индивидуализирана работа за учениците со посебни образовни потреби.
Силни страни: ✍ Наставните планови и програми се реализираат според пропишаните насоки; годишните и тематските планирања се доставуваат навремено. ✍ Е-дневникот и педагошката евиденција редовно се ажурираат, а наставата се планира со примена на ИКТ. ✍ Постои развиена соработка со компании за УПР и феријална пракса во земјоделско-ветеринарната, машинската и хемиско-технолошката струка. ✍ За учениците со посебни образовни потреби се изработуваат ИОП и се обезбедува поддршка од инклузивниот тим, стручната служба, наставниците и родителите. ✍ Се реализираат разновидни воннаставни, проектни, еколошки и меѓународни активности.
Слаби страни: ✍ Недоволно адаптирани просторни и технички услови за целосна реализација на практичната настава и УПР; недостигаат наставни средства, механизација и опрема. ✍ Во одредени стручни содржини предвидениот фонд на часови не е доволен, а времето за практична настава не секогаш се усогласува со сезонските агротехнички активности. ✍ Недоволна застапеност на интегрираното учење и недоволна иницијативност за предлагање измени и дополнувања на наставните програми.

- Потребна е поголема поддршка за МИО и поголема практична и интерактивна обработка на теми од интерес на младите.

Приоритети:

- Подобрување на материјално-техничките и просторните услови за практична настава и опремување на кабинетите по стручните предмети.
- Продолжување и проширување на соработката со компании и обезбедување соодветни ментори за УПР.
- Поттикнување интегрирано учење, МИО и иницијативи на стручните активи за осовременување на наставните програми.
- Зголемување на бројот на интерактивни работилници, дебати и предавања за теми од интерес на учениците.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето:

- Постигањата на учениците се следат и вреднуваат континуирано во текот на учебната година, по наставни предмети и класификациони периоди. Се користат различни инструменти за оценување, а учениците и родителите редовно се информираат за напредокот. Во анализираниот период е забележано ниско ниво на осипување, а во последните десет години нема евидентирани ученици кои ја повторувале годината.

Силни страни:

- Редовно следење и вреднување на постигањата на учениците.
- Примена на разновидни наставни форми, методи и инструменти за следење и оценување.
- Навремено информирање на учениците и родителите за успехот и напредокот.
- Ниско ниво на осипување и отсуство на повторување на годината во последните десет години.
- Постоење на евиденција и законски утврдени процедури за следење и постапување.

Слаби страни:

- Потребна е дополнителна мотивација и поддршка на учениците и семејствата од социјално загрозени категории за спречување на предвремено напуштање на образованието.

- Потребно е континуирано унапредување на мотивирањето на учениците за повисоки постигања и редовност.

Приоритети:

- Продолжување со систематско следење и анализа на постигањата, редовноста и напредокот на учениците.
- Зајакнување на советодавната и индивидуалната поддршка за учениците со ризик од слаби постигања или напуштање на училиштето.
- Зголемување на соработката со родителите и навремено преземање превентивни мерки за подобрување на редовноста.
- Поттикнување учество на учениците на натпревари, конкурси и други активности за афирмирање на знаењата и способностите.

Подрачје 3: Учење и настава

Опис/резиме на подрачјето:

- Наставниците подготвуваат годишни, тематски и дневни планирања, утврдуваат критериуми и стандарди за оценување и применуваат различни форми и методи на работа. Планирањата ги следи стручната служба, а наставниците разменуваат искуства во рамките на стручните активи. Во наставата се користат ИКТ и се следи напредокот на учениците.

Силни страни:

- Навремено изработување и доставување на годишни, тематски и дневни планирања.
- Утврдување критериуми и стандарди за оценување и почитување на Етичкиот кодекс за оценување.
- Следење на планирањата од стручната служба и размена на искуства во стручните активи.
- Примена на ИКТ и разновидни наставни форми и методи.
- Редовно евидентирање на напредокот и информирање на родителите.

Слаби страни:

- Недоволна примена на интерактивна настава и недоволно искористување на активните методи на учење.
- Недоволно поврзување на стекнатите знаења со нивната практична применливост.
- Потребно е дополнително унапредување на индивидуализацијата и

приспособувањето на наставата кон различните потреби и способности на учениците.
Приоритети: ✍ Поголема примена на интерактивни, истражувачки и практично ориентирани методи на учење. ✍ Зајакнување на меѓупредметната корелација и интегрираното учење. ✍ Континуирана стручна поддршка и размена на добри практики во рамките на стручните активи. ✍ Подобрување на примената на формативното оценување и користењето повратни информации за напредокот на учениците.

Подрачје 4: Поддршка на учениците
Опис/резиме на подрачјето: ✍ Училиштето води грижа за безбедноста, здравјето и благосостојбата на учениците, обезбедува советодавна помош и соработува со родителите, здравствените установи, Центарот за социјална работа и други институции. Се води евиденција за напредокот, постигањата, редовноста и поведението. Во програмските документи се предвидени активности за професионална ориентација и поддршка при изборот на понатамошно образование и занимање.
Силни страни: ✍ Се обезбедува грижа за учениците со емоционални потешкотии и учениците на кои им е потребна дополнителна поддршка. ✍ Постои соработка со здравствени установи, Центарот за социјална работа и други надлежни институции. ✍ Се води евиденција за напредокот, постигањата, редовноста и поведението на учениците. ✍ Се реализира советодавна помош и активности за професионална ориентација и кариерно насочување. ✍ Постапките за инклузија и поддршка на учениците со посебни образовни потреби се утврдени.
Слаби страни: ✍ Недоволен број наставни средства за кабинетска настава, особено по стручните предмети.

- Реновираниот училиштен дом, иако има услови за сместување и исхрана на ученици од други општини, не е искористен и нема сместени ученици.
- Потребно е дополнително јакнење на компетенциите на кадарот за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Приоритети:

- Обезбедување поголем број нагледни средства и опрема за кабинетска и практична настава.
- Продолжување со советодавната работа и зајакнување на индивидуалната поддршка за учениците.
- Унапредување на професионалната ориентација и кариерното советување.
- Јакнење на компетенциите на наставниците и стручните соработници за инклузивно образование.

Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето
Опис/резиме на подрачјето: Во училиштето се негува позитивна, поддржувачка и безбедна средина. Односите меѓу наставниците и учениците се засноваат на почитување и коректна комуникација. Кодексот на однесување е истакнат и во најголем дел се почитува. Училиштето одржува комуникација со родителите преку е-дневник, родителски средби и отворени денови, а соработува и со локалната и деловната заедница.
Силни страни: Позитивна и безбедна училишна средина и коректни односи наставник–ученик. Соработувачка атмосфера меѓу вработените и добра комуникација со раководството. Јасно дефиниран и видливо истакнат Кодекс на однесување. Функционални механизми за информирање и комуникација со родителите. Навремено и институционално решавање на конфликтните ситуации со вклучување на стручните служби и родителите.
Слаби страни: Ученичката партиципација во донесувањето одлуки не е доволно рамномерна и не сите ученици се чувствуваат подеднакво вклучени. Дел од учениците и родителите не ги користат целосно постојните

можности за комуникација. - Неоправданото изостанување останува честа причина за изрекување педагошки мерки. - Вклученоста на родителите во стручното образование е послаба во споредба со гимназиското образование.
Приоритети: - Јакнење на ученичката партиципација преку поактивна улога на Ученичкиот парламент. - Намалување на неоправданото изостанување преку превентивни и советодавни активности со учениците и родителите. - Систематска превенција на несоодветно однесување и промоција на почитување, толеранција и соработка. - Подобрување на механизмите за прибирање и користење повратни информации од учениците, наставниците и родителите.

Подрачје 6: Ресурси
Опис/резиме на подрачјето: - Училиштето располага со просторни и кадровски капацитети за реализација на наставата во две училишни згради. Обезбеден е доволен број наставници, а стручните активи придонесуваат во работата. Во изминатиот период се направени подобрувања во инфраструктурата и опременоста, вклучително телевизори во училниците во гимназиската зграда, нови клупи, клима-уреди и реконструкција на објектот за стручно образование. Училиштето реализира проекти и меѓународна соработка, особено преку Еразмус+.
Силни страни: - Обезбеден е доволен број наставници за непречено одвивање на наставниот процес. - Наставниците активно придонесуваат во работата на стручните активи. - Добри односи со јавноста и развиена меѓународна соработка преку Еразмус+ и меморандуми. - Подобрена опременост со телевизори во гимназиската зграда, нови клупи и клима-уреди. - Реконструирана е една од зградите во која се реализира наставата за стручно образование.

Слаби страни:

- Недостиг од фискултурна сала и несоодветни услови за целосна реализација на спортските активности.
- Недоволно опременост на училниците со нов инвентар и телевизори, особено во земјоделската зграда.
- Недостиг од современи нагледни средства и помагала, особено во стручниот дел.
- Библиотечниот фонд е делумно опремен со стручна литература.
- Потребни се дополнителни обуки за професионално усовршување и унапредување на наставниот процес.

Приоритети:

- Обезбедување и опремување кабинети со компјутери, нагледни средства и современа опрема за стручните предмети.
- Подобрување на просторните услови и обезбедување соодветен спортски простор.
- Збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература и лектирни изданија.
- Планирање и реализација на континуирани обуки за наставниот кадар, вклучително и дигитални компетенции.
- Продолжување на активностите за осовременување и одржување на училишната инфраструктура.

Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политики
Опис/резиме на подрачјето: Училиштето има утврдена структура на управување и раководење преку Училишниот одбор, Советот на родители, директорот и помошниот директор за стручно образование. Органите и телата одржуваат состаноци и донесуваат одлуки согласно надлежностите. Раководниот тим ги имплементира промените во образовниот систем, ги следи развојните потреби и воспоставува партнерства со заедницата.
Силни страни: - Јасно дефинирани надлежности на органите и телата на училиштето. - Редовно одржување состаноци и донесување одлуки во рамките на утврдените процедури. - Навремено информирање на вработените за донесените одлуки.

- Раководниот тим креира политики што ги следат воспитно-образовните потреби и успешно ги имплементира промените во образовниот систем.
- Постојано се ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата и се развиваат партнерства за УПР.

Слаби страни:

- Намалена транспарентност во работата на Училишниот одбор.
- Недоволно учество на родителите во различни активности и во креирањето на училишните политики.
- Потребно е дополнително оспособување на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни образовни потреби.
- Недостигот од спортска сала го ограничува целосното реализирање на програмите по спорт и спортски активности.

Приоритети:

- Подобрување на транспарентноста преку редовно информирање и објавување на одлуките и заклучоците на Училишниот одбор.
- Поголемо вклучување на родителите, учениците и вработените во планирањето и развојните активности.
- Континуирано следење на реализацијата на развојните цели и мерките за подобрување.
- Интензивирање на соработката со сродни училишта во земјата и странство преку проекти и размена на добри практики.

Подрачје 8: Соработка со пазарот на труд

Опис/резиме на подрачјето:

- Училиштето воспоставува соработка со работодавачи за реализација на учење преку работа и феријална пракса во земјоделско-ветеринарниот, машинскиот и хемиско-технолошкиот сектор. Потпишани се меморандуми и договори, изготвени се планови за практична обука, а учениците стекнуваат стручни, организациски и комуникациски вештини во реална работна средина. Работодавачите обезбедуваат пристап до опрема и технологии кои не се достапни во училиштето.

Силни страни:

- Потпишани меморандуми и договори за практична обука и УПР со компании од соодветните сектори.
- Компаниите во голема мера располагаат со инфраструктура и опрема релевантни за наставните програми.
- Позитивен однос и стручна поддршка од деловните ментори.
- Учениците стекнуваат практични компетенции, вклучително ракување со механизација, контрола на квалитет и дијагностика.
- Се посветува внимание на безбедноста и здравјето при работа и користењето заштитна опрема.

Слаби страни:

- Не сите работодавачи располагаат со доволни капацитети и можност да обезбедат ментори за практична обука.
- Потребно е поинтензивно усогласување на распоредот и времето за практична обука со потребите на компаниите и сезонските активности.
- Недостигаат дополнителни услови и логистичка поддршка за учениците, како превоз, оброк и стимулативни мерки.
- Потребно е систематско унапредување на комуникацијата и координацијата меѓу училишните и деловните ментори.

Приоритети:

- Јакнење на партнерствата со бизнис секторот и проширување на мрежата на работодавачи за УПР.
- Обезбедување услови за квалитетна практична обука, вклучително соодветни ментори и координација на распоредот.
- Покренување иницијативи за стипендии, топол оброк и превоз за учениците кои реализираат пракса.
- Унапредување на соработката со научни институции и граѓанскиот сектор за потребите на стручното образование.
- Систематско следење на напредокот преку дневници за УПР и извештаи од менторите.

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа

1. Изработка и спроведување акциски план за набавка на современи наставни средства, опрема и механизација за кабинетска и практична настава.
2. Обезбедување соодветни просторни услови за спорт и спортски активности и подобрување на инфраструктурата во двете училишни згради.
3. Проширување на соработката со работодавачите и обезбедување ментори, превоз, оброк и други услови за квалитетна практична обука.
4. Зајакнување на интерактивната, интегрираната и практично ориентираната настава, како и на примената на ИКТ.
5. Континуирана поддршка и обуки за наставниците и стручните соработници, особено за инклузивно образование, дигитални компетенции и современи наставни пристапи.
6. Подобрување на ученичката партиципација преку активна работа на Ученичкиот парламент и вклучување на учениците во одлуки што ги засегаат.
7. Намалување на неоправданото изостанување и ризикот од напуштање на образованието преку координирана работа со учениците, родителите и стручната служба.
8. Подобрување на транспарентноста на работата на Училишниот одбор и редовно информирање на вработените и родителите.
9. Збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература и современи наставни материјали.
10. Развивање механизми за редовно прибирање, анализа и користење повратни информации од учениците, родителите, наставниците и работодавачите.

Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на училиштето:

Име и презиме , потпис

Игорче Николов
Јасмина Тодосовска
Наташа Бошкова
Ангела Маркова
Марија Манасова-